Олга Кузманова

# К А Т А Л О Г
## на книги од Одделението за деца

Битола, 2009

**Издава**
Национална установа -
Универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“ - Битола

**За издавачот**
Науме Ѓорѓиевски

**Автор**
Олга Кузманова

**Соработници**
Стеванка Петковска
Драги Кабровски

**Лектура**
Здравко Божиновски

* * *

*Книгата е финансирана од*
*Министерството за култура*
*на Република Македонија*

Олга Кузманова

# КАТАЛОГ

## на книги од Одделението за деца

Национална установа -
Универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“
Битола, 2009

CIP - Каталогизација во публикација
Матична и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Битола

017.1:027.53 (497.774)

**Кузманова, Олга**
Каталог за Одделение за деца / Олга Кузманова [соработници Стеванка Петковска, Драги Кабровски]. - Битола: Национална установа Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, 2009. - 22 стр: илустр. во бои; 21cm

ISBN 608-4538-04-5 (10)
ISBN 978-608-4538-04-2 (13)

а) Национална установа Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“. Детски оддел (Битола) - Каталози

COBISS.MK-ID 18447169

Националната установа – Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ – Битола, претставува регионален библиотечен центар кој постојано се грижи за унапредување на библиотечните услуги и промовирање на сите нови трендови во библиотекарската наука.

Одделението за позајмување и услуга за деца, кое ги опфаќа децата од предшколска возраст и учениците на возраст до 14 години, е значаен сегмент во организациската поставеност на нашата библиотека.

Ова одделение располага со богат фонд книги, почнувајќи од сликовници, лектирна литература, многубројни романи, раскази, драмски дела, поезија, па сé до современо илустрирани енциклопедии и сето тоа е приспособено на возраста на корисниците и потребите на образовниот процес.

Кога се работи за младите читатели, најважно е постојаното развивање на љубовта и навиката кон читањето, затоа што тука е никулецот на идниот доживотен корисник на библиотеката.

Еден од најрелевантните фактори за успехот на која било институција од областа на културата е степенот на нејзиниот образовен ефект, посебно врз младата популација.

Со цел да ја промовираме на уште повисоко ниво културната, образовната и информативната улога на Библиотеката, со овај каталог кој опфаќа само дел од најактуелните изданија на сликовници, книги и енциклопедии, сакаме на современ начин да ги информираме младите читатели за содржините што ги нуди Одделението за деца.

Драги млади читатели, се надеваме дека во библиотеката ќе најдете пријатно катче за дружење, а книгата ќе стане дел од вашето секојдневие.

Ве очекуваме...



Книгата е повредна од сите паметници украсени со слики, релјефи и длаборези, зашто самата таа гради паметници во срцето на оној којшто ја чита.

Египетски запис

# СЛИКОВНИЦИ




## Голема книга за забавачиња

Драги родители, дали вашето дете сака да си игра? Дали сака да пишува? Да бои? Да црта? Да решава загатки? Книгата „Големата книга за забавачиња“ е идеална за деца од предучилишна возраст.

## Моите први 1000 збора




Со книгата „Моите први 1000 збора“ децата имаат прекрасна можност преку забава да ги направат првите чекори во учењето на англискиот јазик. Малите животни, со своите авантури го заробуваат детското внимание и учењето го прават полесно и поинтересно. Секоја страница е опремена со убави илустрации кои ги појаснуваат најбитните зборови во приказните.




## Време е за в училиште

Оваа книга ќе му помогне на вашето дете побргу и плански да се подготви за в училиште. Значјано место во книгата им е доделено на развојните процеси кај децата, на пример, задржување на концентрацијата, помнењето, размислувањето, а пред сé координирањето на движењата и моториката на ракатa. Во подготвувањето на ова книга учествуваа педагози и детски психолози.

## Како да се однесуваме во училиште




Оваа книга се осврнува на секојдневните мали тешкотии со кои се соочуваат момчињата и девојчињата кога одат в училиште. Карактеристично за овој наслов е дека возрасните не се тие кои размислуваат за навиките и ставовите, туку самите деца кои успеваат да си помогнат едни на други и да ги решат конфликтите со кои се соочуваат.




## Голема книга за природата

Оваа прекрасна книга ќе ги запознае и воведе децата во светот на природата. Во неа има многу забавни активности поврзани со природата: правење отпечатоци од лисја, гнездење птици, собирање инсекти, подготвување храна...

## Волшебната шума

Ви ги претставуваме животните на Волшебната шума и нивните фантастични пријатели: самовилата, змејот, волшебникот, џинот, гномот и џуџето во многу илустрирани авантури од Тони Вулф.






## Пингвинчето и татко му

ОФ-ОФ! Колу е тежок пингвинскиот живот!

Среќа што до мене е мојот татко, најголемиот и најсилен пингвин на целиот Јужен Пол! Колку работи учам заедно со него!

## Златни бајки




Црвенкапа, Волкот и седумте јариња, Мачорот во чизми, Девојчето со кибритчињата, Снежана и седумте џуџиња, Јованче и Марика, Пепелашка, Убавицата и ѕверот, Заспаната убавица, Грдото пајче, Принцезата на зрно грашок, Трите прасиња.




## Волшебниот лавиринт

Оваа едиција сликовници со принцези од соништата особено ќе им се допадне на малите девојчиња.

## Приказни од земјата Македонија




Нашите приказни, приказните од Македонија, се приказни настанати во земја – крстосница на древни и нови цивилизации, на разни религии и култури. Затоа тие претставуваат своевидна и многуслоевита духовна археологија која го чува нашето длабоко минато...




## Picture Atlas

This beautiful and informative first reference Atlas is sure to become a favourite in a child's home library.

## Ocean Hunt




How many sharks can you see? How many humpback whales can you find? What's that lurking behind the sunken shipwreck? Use your own special spotlight to see how many creatures you can find hiding in the ocean.




## The Guide to Astrology

The Guide to Astrology shows you how the cosmic influences of the Sun, Moon, planets, and stars shape our lives here on Earth. Use this book to gain insight about the personalities and lives of you and your friends, family, colleagues and acquaintances.

## Letters and More

Learning the letters of the alphabet is as easy as ABC with this interactive board book. With bright, colorful illustrations and interactive sound buttons, little ones will love to practice their letters and play basic spelling games. Turn the page, press the buttons, and let the learning fun begin!







## Magic Tricks

Can you make an arrow change direction without touching it? Do you know to make a pencil pass through a handkerchief? Can you produce a ribbon from thin air?

# СЛОБОДНА ЛИТЕРАТУРА

## Приказни за буквите

Преку интересни приказни, авторот умешно ги води децата низ азбуката...









## Испревртени приказни

Почнуваме со вежбање на фантазијата. Како...? Ами, многу лесно. Сетете се на некоја позната приказна и испревртете ја...

## Тајната на златниот цвет

Ова се вистински приказни што личат на легенди, а имаат и жива врска со легендите...








## Бајки



Длабоко на дното од морето, каде што зраците на сонцето стигнуваат дури на пладне, живееше школката убавица, што ја нарекуваа Седефна ружа...
Оваа и многу други возбудливи бајки се дел од богатиот творечки опус на писателката Гроздана Олуиќ.



## Рано дојде љубовта

Писателот на оваа книга, всушност, никогаш не заминал од детството зошто, за да се биде писател за деца и млади не е доволно само навраќање во детството, туку со еден свој дел, скриен и интимен, треба да се остане во него.
Овие раскази се инспирирани од нашето секојдневие кое е мошне богато и преполно со разни доживувања и вистински приказни.







## Внукот на маѓесникот

Ова е историја за тоа како настанала Нарнија: рикот на еден лав, две деца кои се во потрага по лек за да се спаси животот на една мајка, попречување од лоша Волшебничка и преамбициозниот вујко...





## Мајчиниот споменар

Овие раскази и лирски записи се дело на писател кој е на врвот на македонската современа литература. Горјан Петрески успеа да ја урне поделбата на литературата на „детски и возрасни“ затоа што него го читаат со подеднаква љубов и младите и возрасните.







## Леон

Малите, навидум неважни настани низ кои се отсликува секојдневието, се непресушен извор за творечкиот ангажман на Тихо Најдовски. Главен „лик“ е родниот Велес, а останатото вие драги деца, треба да го откриете...



## Златна книга на легенди и преданија

Оваа прекрасна книга се нурнува во потрага по педесетте најубави приказни на безимениот народен гениј. Прераскажани, или уште подобро пресоздадени, македонските легенди и преданија во едно ново време претставуваат убава лектира за широк круг читатели.








## Модри слонови

Со оваа книга сакаме да ви презентираме дел од најубавата словенечка кратка проза за деца и млади. Се надеваме дека ќе уживате во овие модернизирани бајки, полни со животен оптимизам, ведрина и хумор.



## Цветот на љубовта

Во овај роман обединети се световите на реалното и нестварното, на можното и невозможното, на доброто и злото. Нивен носител е главниот јунак Младен, а негово моќно оружје во изборувањето на среќата и на радоста се мудроста, добрината и љубовта.







## Северно писмо

Писателот Софе Штерјоски е извонреден стилист од чија творечка заоставштина се земени расказите и записите во оваа збирка со наслов „Северно писмо“.

Се надавеме дека неговиот своевиден начин на гледање на мотивите, сликите и пораките во расказите ќе побудат интерес кај младите читатели.

## И сé заради фараонот

Целата оваа приказна се случи поради фараонот. Тој живеел одамна и добил многу чудна идеја. Меѓутоа за да разберете сé мора да го прочитате овој интересен роман.









## Прворoдениот

Се спушта мрак...
Се судира меч со меч...
Владее злото.

Прочитајте го овај возбудлив роман за да се запознаете со авантурите на Ерагон и неговиот змеј Сафира.

## Hari Poter i relikvije smrti

Ова е седмиот дел од авантурите на Хари Потер, кој ве води низ магичниот свет скриен зад кулисите на секојдневието...








## Леон

Мари се заљубува во Леон, неговата неуморност ја фасцинира. Тој не знае за доста, не здивнува буквално во секоја сфера од животот, а тоа неа ја плаши. „Живеј набрзина, умри млад“ е неговата девиза. И навистина така и се случува. Несреќа или самоубиство?



## Сонот со Споменка

Ова е продолжение на приказната на Споменка и Бојан, која всушност ќе ја разјасне дилемата дали ќе се сретнат...









## Смртоносна криенка

Трогателна и нежна приказна, на границата меѓу напнат полициски трилер и семејна интрига. Само еден погрешен чекор и играта на криенка може да стане смртоносна...

## Морето и змијата

Ова е приказна за едно загубено детство, односно за сето она што ниту едно дете не треба да го доживее...









## Тајниот дневник на Адријан Мол

На авторката на овој извонреден роман успеа да создаде карактер чии дневнички записи и по нешто повеќе од две децении се на листата на најчитаните бестселери на сите времиња. Секој од дневничките записи на Мол потсетува на прецизен филмски кадар, кој наметнува динамика на „лудо возење“.



## Дебела, бисквити, чипс и љубовна болка




Хрватската писателка Силвија Шесто Стипаничиќ ја доби првата награда „Ивана Брлиќ – Мажураниќ“ во 2001 година за овај роман, кој е своевидна круна на нејзината писателска кариера. Се надеваме дека ќе уживате читајќи за Лада и нејзините тинејџерски доживувања...






## Ej, Пиги, се заљубив

Авторката овде ја открива вредноста на топлиот семеен живот, инспирирана од родителското искуство и бројните разговори со нејзината ќерка...



## Добри другарки, лоши шеми и градник на дуење

Луси, Неста и Изи имаат по четиринаесет години, но додека Неста и Изи изгледаат постари, Луси може да помине само како девојче од дванаесет години. А тогаш, Луси на улица го среќава најубавиот дечко на светот и почнуваат промените, и тоа во се́...







## Балада за гаќичките на Буга

Овој роман е пубертетска химна на љубовта и ода на пријателството. Главниот лик, Густав е откачено четиринаесетгодишно момче опседнато со две грандиозни животни и литературни теми, сексуалното созревање и совладувањето на литературниот занает.



# ЕНЦИКЛОПЕДИИ

## 1000 прашања и одговори




Дали некогаш сте се запрашале... Зошто фламингото се храни поинаку? Како се одржува хеликоптерот во воздух? Колку време е потребно да се изгради замок? Кој го открил централното греење? Зошто биле изградени пирамидите? Зошто изумреле диносаурусите? Колку е стара Земјата? Што е гасовит џин?




## Илустрирана историја на светот

Илустрираната историја на светот опфаќа приемлива панорама на долгата историја на Земјата од раѓањето на вселената со голема експлозија до почетокот на 21 век...

## Фактопедија

Повеќе од 50000 поими од науката и технологијата, растенијата и животните, географски податоци и историски настани, спортски рекорди...






## Еурека! Откритија

Еурека! Откритија се осврнува на описите на некои од највачудувачките откритија во светот. Оваа книга ги опфаќа отворањето на гробницата на Тутанкамон, извонредното откривање фосил што доведе до диносаурусоманија, целосно зачуваната мумија стара 5000 години што беше пронајдена на Алпите и многу други нешта.




## Големата потрага по диносаурусите

Оваа книга содржи безброј интересни податоци за неверојатните суштества кои живееле на Земјата пред повеќе милиони години.




## Кратка историја на светот за млади читатели

Минатото и сеќавањето, пред да постојат луѓето, џиновските гуштери, Земјата без живот, Сонцето без Земја, што е тоа историја?

## Праисторијата и стариот век низ слики и зборови




Текстовите во оваа книга се во многу тесна врска со содржините во вашиот учебник по историја и претставуваат нивно надополнување. Ви посакуваме многу успех во совладувањето на содржините од историјата!




## Сите чуда во светот

Вулкани и пустини, глечери и водопади – на сите континенти има области што кај набљудувачот предизвикуваат стравопочитување...

## Кој и кога владеел со Македонија




Разновидната и мошне богата политичка и културна дејност на прикажаните историски актери, кои како владетели во определени моменти ја насочувале судбината на многубројните антички, средновековни и нововековни државни формации, ја претставува историјата на Македонија.




## Основен атлас на истражувања и откритија

Целта на овој атлас е да ги синтетизира научните, техничките и културните напредоци, како и географските откритија кои суштински влијаеле врз развојот на човештвото.

## Гинисова книга на светски рекорди 2001

Комплетно обновени поглавја од областа на комјутерските игри, интернетот, специјалните ефекти, боречките спортови, музиката за танц, предисторискиот свет и многу повеќе...







## Комуникација, од почетоците до интернет

Како изгледале првите книги? Како се прави весник? Кој го пронашол радиото? Прецизните информации и привлечниот начин на прикажување ја прават оваа енциклопедија идеален прирачник за наоѓање одговори на прашањата од современиот свет.

## Региони во Европа




Оваа книга е корисен инструмент за истражување: ќе ја запознаете историјата, територијата, населението и главните градови на сите држави, но и многу други интересни податоци...




## Атлас на светските култури

Нов вид атлас кој претставува извор на информации за народите и за културите за светот.




## Народите во светот

Оваа чудесна книга ќе ве однесе на патување низ сите континенти на светот каде што можете да ги запознаете луѓето, а посебно децата кои живеат во различни држави.

**Олга Кузманова**

**К А Т А Л О Г**
**на книги од Одделението за деца**

**Подготви за печат и**
**комјутерски ги обработи**
Јанакиевски Зоран

**Печати**
АД „Киро Дандаро“ - Битола

**Тираж**
300

Битола, 2009

*Книгата е финансирана од*
*Министерството за култура*
*на Република Македонија*